**СООПШТЕНИЕ**

**Резиме на активностите на Координативното тело за постапување по Кодексот за однесување во онлајн просторот за Локалните избори 2025**

Координативното тело што постапува според Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми ги финализираше активностите реализирани за време на Локалните избори 2025 година.

На почетокот на изборниот процес, Координативното тело ги охрабри сите субјекти на кои се однесува Кодексот да се приклучат и да се заложат за почитување на неговите одредби со што ќе помогнат Локалните избори да се одржат во фер и демократска атмосфера. Кодексот им беше испратен на сите медиуми, како и на сите партии и независни кандидати кои учествуваа во изборниот процес. За време на овие избори кон Кодексот пристапија: Хелсиншкиот комитет за човекови права, медиумите PressOnline.mk и StrumicaNet.mk, две политички партии (Десница и Демократски сојуз) и 4 групи избирачи (Кети Сталеска, Енис Демиров, Страхил Гавритов и Марјан Калевски од Зелен хуман град). Со ова, вкупниот број субјекти кои пристапија кон Кодексот се искачи на 33.

За да се мотивира јавноста да поднесува претставки, беа креирани профили за Кодексот на социјалните мрежи Фејсбук и Инстаграм, каде што беа објавени пораки и видеа на македонски и албански јазик, како дел од кампањата со која се промовираше значењето на етичкото и одговорно однесување во дигиталниот простор за време на изборните процеси, начинот на поднесување претставки до Координативното тело и начинот на постапување на Телото.

Координативното тело за следење на почитувањето на Кодексот, во овој втор изборен циклус во кој функционира, донесе заклучоци за 8 претставки (пет повеќе од лани). Бројот е сè уште мал, но порастот покажува дека расте свесноста за улогата на Телото како механизам за брза реакција во случај на неетичко однесување во онлајн просторот – каде што најчесто се шири говор на омраза и манипулативна комуникација. Подносителите на претставките реагираа на случаи во кои, според нив, беа прекршени начелата за фер изборна комуникација, точност на информациите и почитување на приватноста и достоинството на политичките ривали, при што четири од претставките се однесуваа на медиуми, три на политичари и една на поддржувач на кандидат.

Во две претставки поднесени од Коалицијата ВЛЕН за Triling.mk и Fokus.mk, беше констатирано прекршување на член 1 и член 13 од Кодексот на новинарите на Македонија, во кои од новинарот се бараат да објавува точни и проверени информации, да ги вклучи сите засегнати страни и да прави разлика меѓу вест и коментар, односно меѓу фактите и мислењето. Телото своите заклучоци ги заснова на мислењата доставени од Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), како саморегулаторно тело надлежно за медиумите.

Во однос на претставката поднесена од кандидатка за градоначалник на Кочани од Левица за локалното Радио Кочани, поради закажана дебата на која биле повикани само двајца од шесте кандидати за градоначалник на Општината, Телото го поддржа постапувањето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги која, како регулаторно тело надлежно за радиодифузерите, го потсети медиумот дека согласно Изборниот законик има обврска во време на изборна кампања да им овозможи еднакви услови за претставување на сите учесници.

Две претставки, едната од Apla.mk за кандидат за советник во Општина Битола од независната иницијатива - Поинаку, а другата од граѓанка за кандидатот за градоначалник на Скопје од ВМРО-ДПМНЕ, се однесуваа на комуникацијата на политичарите со своите ривали, со медиумите или со граѓаните. Во двата случаи Телото расправаше и утврди прекршување на член 5 од Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на избори и референдуми, во кој политичарите, меѓу другото, се повикуваат да не

промовираат неточни, нецелосни или злонамерни информации, да не водат негативна кампања и да не шират дискриминација врз која било основа. та

Во претставката за градоначалникот на Македонска Каменица и кандидат за нов мандат, граѓанка наведе дека тој во објава на социјалните мрежи „навредува, шири говор на омраза и шпекулации" против нејзината мајка. Телото утврди дека немаше таков говор, но заклучи дека градоначалникот ја користеше официјалната страница на Општината за промоција на неговите активности во изборната трка, поврзувајќи го личниот профил на Фејсбук, означен со партиски симболи и број на гласачкото ливче, со општинскиот профил, што е спротивно на Кодексот и принципите за транспарентност.

За две претставки, едната од Коалицијата ВЛЕН за Tetovasot.mk, а другата од Apla.mk за поддржувач на независната иницијатива - Поинаку, Телото не постапи поради ненадлежност. Во првиот случај, објавата што беше предмет на претставката третираше теми од јавен интерес, но не се однесуваше на изборите, додека во вториот случај станувaше збор за субјект кој не е опфатен со Кодексот т.е. за граѓанин - поддржувач на политичка опција.

Сите поднесени претставки, како и заклучоците на Координативното тело, се јавно достапни на веб страницата www.izborenkodeksonline.mk.

Скопје, 05.11.2025 година

**Координативно тело за следење на почитувањето на начелата и стандардите од Кодексот**

**Билјана Георгиевска**
**Координаторка**